



# Осврт на состојбите во секторот рударство и вадење на камен

## <u>УЧЕСТВО ВО БДП</u>

Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика на РСМ, учеството на секторот Рударство и вадење на камен во БДП според производниот метод следи:

- 2013 со 1,4%
- 2014 со 1,3%
- 2015 со 1,3%
- 2016 со 1,3%
- 2017 со 1,2%
- Проценети за 2018 со 1,3%.

*Извор: ДЗС на РСМ*

Оттука се следи дека секторот Рударство и вадење на камен никогаш структурно не ја помина нагорната граница од 1,5 па и 1,6% во учеството во бруто домашниот производ на државата. Иако постоеше и период кога секторот учествуваше со околу 0,9% во создавањето на истиот, се цени дека постојат поголеми можности кон повисоко учество од сегашното, а со тоа и зголемување на БДП.

## ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО

**Табела 1: Раст/ пад во индустриското производство, во %**

| **Периоди** | **2015/2014** | **2016/2015** | **2017/2016** | **2018/2017** | **I-IX-2019/ I-IX-2018** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна индустрија во РСМ** | 4,9 | 3,4 | 0,2 | 5,4 | 5,6 |
| **Рударство и вадење на камен** | -1,4 | -7,8 | -1,8 | -1,4 | 3,5 |
| Вадење на јаглен и лигнит | -8,4 | -13,9 | -1,2 | -2,0 | 16,2 |
| Вадење на руди на метал | -1,1 | -7,8 | -1,9 | -0,6 | 3 |
| Вадење на други руди и камен | 4,9 | -1,9 | -2,2 | -2,5 | -10,6 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

И покрај растот на физичкиот волумен на целата индустрија во Македонија (освен во 2017-тата кога реално стагнираше) секторот Рударство и вадењето на камен бележи негативни стапки од 2014 до 2018 година во рамките од -1,4 до -1,8% освен во 2016-тата во однос на 2015-тата кога забележа енорма стапка на опаѓање од 7,8%. Исто така и неговите под сектори (Вадење на јаглен и лигнит, Вадење на руди на метал и Вадење на



други руди и камен) за истиот временски период бележеа негативни стапки на раст освен подсекторот Вадење на други руди и камен кој во 2015-тата во однос на 2014 забележа раст од 4,9%.

Сепак согласно последните податоци од ДЗС на РСМ за периодот I-IX-2019/ I-IX-2018, секторот Рударство и вадењето на камен бележи позитивна динамика со раст од 3,5%, под секторите Вадење на јаглен и лигнит со раст од 16,2% и Вадење на руди на метал со раст од 3%. Подсекторот пак Вадење на други руди и камен повторно бележи негативна динамика со пад од 10,6%.

**Табела 2: Структурно учество во индустриското производство, во %**

| **Период** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **I-IX-2019** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна индустрија во РСМ** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| **Рударство и вадење на камен** | 11,88 | 11,59 | 10,11 | 9,14 | 8,31 | 10,7 |
| Вадење на јаглен и лигнит | 3,46 | 2,44 | 2,23 | 1,96 | 2,02 | 2,06 |
| Вадење на руди на метал | 6,05 | 6,76 | 5,53 | 5,16 | 4,15 | 6,63 |
| Вадење на други руди и камен | 2,36 | 2,4 | 2,35 | 2,03 | 2,14 | 2,01 |

*Извор: ДЗС на РСМ(сопствени пресметки)*

Рударството и вадењето на камен во 2018 година структурно учествувало со 8,31% во рамките на вкупното индустриско производство во домашната економија. Сепак од 2014 до 2018 година неговото структурно учество се намалувало така да компарирано за 2018/2014 година учеството е намалено за 3,57 структурни проценти. Неговиот пак нај силен под сектор Вадењето на руди на метал забележа намалување во струтурното учество за 1,9 структурни проценти во 2018/2014 година, а исто така и останатите два под сектори (Табела 2).

Заклучно со кумулативниот податок за I-IX-2019 година се забележува повторно зголемување на структурното учество во рамките на вкупното индустриско производство односно со моментално учество од 10,7%, а под секторот Вадењето на руди на метал со 6,63% во рамките на вкупното учество во секторот Рударство и вадењето на камен.





## ПРОМЕТ ВО ИНДУСТРИЈАТА

**Табела 3: Раст/пад во вкупниот промет во индустријата, во %**

| Периоди | 2016/2017 | 2017/2018 | I-VIII-2019/ I-VIII-2018 |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 9,6 | 12,5 | 8,3 |
| **Рударство и вадење на камен** | 49,5 | 14,4 | -10,3 |
| Вадење на руди на метал | 64,5 | 4,4 | -9,5 |
| Вадење на други руди и камен | 21,3 | 39,7 | -12,2 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

Во рамките на вкупниот промет во индустријата кој заклучно со Август 2019 година бележи раст од 8,3%, секторот Рударство и вадење на камен после позитивните движења во прометот од 2016 до 2018 година, забележа негативни отстапки и тоа на ниво на сектор прометот е намален за 10,3%, кај подсекторот Вадење на руди на метал се бележи намалување од 9,5%, а кај подсекторот Вадење на други руди и камен намалување од 12,2% споредено за периодот I-VIII-2019/I-VIII-2018 година. (Табела 3).

**Табела 4: Индустриско производство во натурални показатели, по години (мерна единица - тони)**

| Период | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Раст/пад, 2018/2014, во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **05 - Вадење на јаглен и лигнит** | .. | .. | .. | .. | .. | .. |
| **Лигнит и темен јаглен / т** | 6.482.070 | 5.936.597 | 5.130.055 | 5.056.918 | 4.946.486 | -23,69 |
| **07 - Вадење на руди на метал** | .. | .. | .. | .. | .. | .. |
| **Руди на бакар / т** | 4.366.500 | 4.664.000 | 4.707.500 | 4.494.000 | 4.229.500 | -3,14 |
| **Концентрат на бакар / т** | 38.986 | 42.690 | 43.317 | 38.750 | 33.795 | -13,32 |
| **Концентрат на олово / т** | 59.203 | 51.246 | 41.938 | 54.369 | 57.479 | -2,91 |
| **Концентрат на цинк / т** | 63.140 | 58.299 | 49.741 | 55.691 | 60.767 | -3,76 |
| **08 - Вадење на други руди и камен** | .. | .. | .. | .. | .. | .. |
| **Мермер и травертин, сурови или грубо делкани / т** | 564 | 424 | 374 | 512 | 427 | -24,29 |
| **Мермер и травертин, сечени во плочи, со дебелина до 25 цм / т** | 590 | 374 | 318 | 43 | 29 | -95,08 |
| **Мермер и травертин, сечени во блокови, со дебелина над 25 цм / т** | 86.133 | 87.170 | 93.208 | 112.974 | 107.388 | 24,68 |
| **Камен од карбонатни карпи (варовник) за градежништвото и алабастер (гипс) / т** | 7.599 | 15.478 | 22.785 | 23.268 | 28.327 | 272,77 |
| **Гранит, суров или грубо делкан / т** | 701 | 872 | 1.095 | 1.203 | 1.023 | 45,93 |

**- Осврт на состојбите во секторот рударство и вадење на камен -**



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гранит, сечен во блокови, со дебелина над 25 цм / т** | 3.416 | 3.869 | 7.098 | 7.444 | 6.253 | 83,05 |
| **Кварцит / т** | 74.264 | 47.477 | 29.398 | 9.547 | 2.325 | -96,87 |
| **Суров гипс и анхидрид на гипс / т** | 156.492 | 172.525 | 202.582 | 217.491 | 230.029 | 46,99 |
| **Варовнички камен / т** | 860.008 | 1.122.442 | 1.264.177 | 1.213.470 | 1.378.042 | 60,24 |
| **Доломит (непржен), некалциниран / т** | 131.414 | 107.980 | 129.056 | 134.678 | 148.490 | 12,99 |
| **Силикатен песок (кварцен и индустриски песок) / т** | 33 | 228 | 77 | 21 | 24 | -27,27 |
| **Песок за градежништвото (освен песок што содржи метали) / т** | 188.067 | 138.936 | 234.627 | 128.145 | 184.218 | -2,05 |
| **Кршени или дробени камења што се употребуваат како агрегати за бетон, за насипување на патишта и за други намени во градежништвото / т** | 508.252 | 416.450 | 629.257 | 409.072 | 538.718 | 5,99 |
| **Гранули, парчиња и прав од камења (освен од мермер) / т** | 1.821 | - | - | - | - | - |
| **Бентонит / т** | 16.920 | 9.012 | 1.968 | 912 | 2.945 | -82,59 |
| **Мелен бентонит / т** | 7.990 | 4.832 | 2.260 | 825 | 838 | -89,51 |
| **Вулкански туфови / т** | 65.504 | 70.148 | 76.796 | 71.547 | 96.964 | 48,03 |
| **Лапорец / т** | 660.827 | 637.860 | 842.587 | 953.258 | 849.701 | 28,58 |
| **Други руди на неметали, мелени / т** | 6.752 | 6.931 | 7.282 | 7.056 | 9.216 | 36,49 |
| **Кварц и кварцни кристали / т** | 47.442 | 39.902 | 27.040 | 19.873 | 9.420 | -80,14 |
| **Талк, суров / т** | 495 | 610 | 741 | 400 | 319 | -35,56 |
| **Талк, мелен / т** | 483 | 598 | 729 | 478 | 559 | 15,73 |
| **Суров натриумов фелдспат / т** | 18.076 | 20.289 | 19.919 | 21.237 | 30.813 | 70,46 |
| **Мелен фелдспат / т** | 8.080 | 9.126 | 10.507 | 10.123 | 11.307 | 39,94 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

Кога ќе се спореди домашното производство по под-секторите кај Рударството и вадењето на камен, евидентно е намалувањето на количинското производството.

Компарирано за 2018 година со 2014 кај подсекторот Вадење на јаглен и лигнит односно неговиот производ “Лигнит и темен јаглен“ производството е намалено за 23,7%.

Кај подсекторот Вадење на руди на метал компарирано за истиот период домашното производство е намалено и тоа кај рудите на бакар за 3,14% односно концентратот на бакар со намалување од 13,3%, концентрат на олово 2,9% и концентратот на цинк со намалување во одмашното производство од 3,9% споредено за 2018/2014 година.





**Табела 5: Вкупен обем на трговската размена, во 000 евра**

| Период | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | I-VIII-2019 | Раст/пад, 2018/2014, во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно на РСМ** | 9.251.132 | 9.888.728 | 10.566.802 | 11.853.567 | 13.532.773 | 9.720.455 | 46,28 |
| **Б Рударство и вадење на камен** | 308.811 | 293.301 | 215.308 | 317.982 | 380.869 | 270.286 | 23,33 |
| **05 Јаглен и лигнит** | 24.693 | 17.313 | 18.405 | 15.273 | 22.859 | 14.456 | -7,43 |
| **06 Сурова нафта и природен гас** | 52.219 | 44.282 | 36.498 | 57.141 | 61.295 | 48.166 | 17,38 |
| **07 Метални руди** | 201.635 | 199.617 | 127.296 | 192.959 | 232.866 | 163.885 | 15,49 |
| **08 Други производи од рударството и вадење на руди** | 30.263 | 32.088 | 33.108 | 52.609 | 63.849 | 43.779 | 110,98 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

Од 2014 до 2018 година рударството и вадењето на камен (со одредени отстапки во 2015 и 2017 година) расте, така да вкупниот обем во трговската размена во секторот за 2018 година а во износ од 380,8 милиони евра е порасната за 23,3% во однос на 2014 година.

Металните руди за компарираниот период се зголемени за 15,5%, другите производи од рударството и вадење на рудиза 111%. Единствено само јагленот и лигнитот забележал намалување во трговската размена за компарираниот период од 7,4%. (Табела 5).

**Табела 6: Извоз, во 000 евра**

| Период | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | I-VIII-2019 | Раст/пад, 2018/2014, во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно на РСМ** | 3.746.608 | 4.087.584 | 4.390.284 | 5.018.676 | 5.860.827 | 4.222.426 | 56,43 |
| **Б Рударство и вадење на камен** | 143.299 | 140.196 | 124.036 | 205.821 | 224.638 | 145.159 | 56,76 |
| **05 Јаглен и лигнит** | - | 564 | 157 | 153 | 104 | 110 | -80,50 |
| **06 Сурова нафта и природен гас** | 4.476 | - | - | - | - | 200 | -95,53 |
| **07 Метални руди** | 118.203 | 117.865 | 101.867 | 164.174 | 170.582 | 108.101 | 44,31 |
| **08 Други производи од рударството и вадење на руди** | 20.620 | 21.767 | 22.012 | 41.494 | 53.952 | 36.748 | 161,65 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

На страна на македонскиот извоз за периодот 2018/2014 година, Рударството и вадењето на камен забележало раст од 56,8%, а неговиот подсектор кој највеќе учествува во извозот - Металните руди забележаа раст кај извозот од 44,3%, или од извезените 118,2 милиони евра метални руди во 2014, веќе во 2018 извезени се метални руди во износ од 170,6 милиони евра. Заклучно со состојбата за 2018 година, најголем дел од металичните руди се извезени во Бугарија и Полска (Табела 6.1.)



**Табела 6.1. Земји со најголеми извезени метални руди по единица вредност во САД$ за 2018 година**

| Производ | Држава | Износ САД$ |
|---|---|---|
| **Руди на бакар и концентрати** | Бугарија | 61.225.869 |
| **Руди на олово и концентрати** | Бугарија | 81.373.495 |
| **Руди на цинк и концентрати** | Бугарија | 46.377.769 |
| **Руди на цинк и концентрати** | Полска | 12.885.719 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

**Табела 7: Увоз, во 000 евра**

| Период | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | I-VIII-2019 | Раст/пад, 2018/2014, во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно на РСМ | 5.504.524 | 5.801.144 | 6.176.518 | 6.834.891 | 7.671.946 | 5.498.029 | 39,38 |
| Б Рударство и вадење на камен | 165.512 | 153.105 | 91.272 | 112.161 | 156.231 | 125.127 | -5,61 |
| 05 Јаглен и лигнит | 24.693 | 16.749 | 18.248 | 15.120 | 22.755 | 14.346 | -7,85 |
| 06 Сурова нафта и природен гас | 47.743 | 44.282 | 36.498 | 57.141 | 61.295 | 47.966 | 28,39 |
| 07 Метални руди | 83.432 | 81.752 | 25.429 | 28.785 | 62.284 | 55.784 | -25,35 |
| 08 Други производи од рударството и вадење на руди | 9.643 | 10.321 | 11.096 | 11.115 | 9.897 | 7.031 | 2,63 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

Кај увозот кој на ниво на РСМ бележи зголемување од 39,4% компарирано за 2018 со 2014 година, иститот кај секторот Рударство и вадењето на камен е намален за 5,61% од каде што најизразено е намалениот увоз кај металичните руди за 25,35%.

**Табела 7.1. Земји со најголем увоз на руди по единица вредност во САД$ за 2018 година**

| Производ | Држава | Износ САД$ |
|---|---|---|
| **Руди на никел и концентрати** | Брегот на слоновата коска | 32.739.643 |
| **Руди на никел и концентрати** | Индонезија | 30.797.953 |
| **Руди на никел и концентрати** | Албанија | 6.594.865 |
| **Руди на никел и концентрати** | Гватемала | 956.034 |
| **Руди на никел и концентрати** | Грција | 921.913 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

За 2018 година од табелата 7.1. може да се види дека најголем увоз на никел и неговите концентрати е извршен од Брегот на слоновата коска и Индонезија со вредност од 32,7 односно 30,8 милиони САД$.





## ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ

**Табела 8: Раст/пад на бројот на работници во индустријата, во %**

| Периоди | 2015/2014 | 2016/2015 | 2017/2016 | 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно на РСМ** | 1,8 | 0,1 | 2,3 | **5,9** |
| **Рударство и вадење на камен** | -3,6 | 1,9 | -0,2 | **1,7** |
| **Вадење на јаглен и лигнит** | -4,2 | 4,4 | 1,8 | **-1,7** |
| **Вадење на руди на метал** | -1,5 | -0,3 | -0,4 | 6,2 |
| **Вадење на други руди и камен** | -7,7 | 1,7 | -4,3 | -0,4 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

По осцилациите во изминатите периоди кај вработеноста во секторот Рударство и вадење на камен заклучно со 2018 вработеноста е зголемена за 1,7% која воглавно се должи кај зголемување на вработеноста во подсекторот вадење на руди на метал од 6,2% споредено со 2017 година. Подсекторите Вадење на јаглен и лигнит и Вадење на други руди и камен забележаа негативни стапки кај вработеноста од 1,7% и 0,4% респектабилно (Табела8).

Заклучно со последните податоци од ДЗС на РСМ за периодот I-VIII-2019 а компарирано со истиот период лани, бројот на работниците во секторот Рударство и вадење на камен е намален за 0,8%, и исто така во неговите два подсектори Вадење на јаглен и лигнит и Вадење на други руди и камен намалувањето е за 2,5% односно 3,8%. Единствено за компарираниот период подсекторот Вадење на руди на метал забележа зголемување кај бројот на работниците од 2% за компарираниот период.

**Табела 9: Вработени според секторите на дејност и видот на сопственоста на деловниот субјект, по години**

| | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **Приватна** | **Друга** | **Вкупно** | **Приватна** | **Друга** |
| **Вработени** | **Вкупно во РСМ** | 740.648 | 570.764 | 169.884 | 759.054 | 586.364 | 172.690 |
| | **Рударство и вадење на камен** | 6.576 | 4.949 | 1.627 | 6.509 | 4.026 | 2.483 |
| **Структура според сопственоста во %** | **Вкупно во РСМ** | 100 | 77,1 | 22,9 | 100 | 77,2 | 22,8 |
| | **Рударство и вадење на камен** | 100 | 75,3 | 24,7 | 100 | 61,9 | 38,1 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

Нешто повеќе од 3/4 или 77,2% од вкупниот број вработени во РСМ за 2018 година се вработени во приватниот сектор. Во секторот Рударство и вадење на камен од вкупниот број на вработени во 2018 година (4.026 лица) 61,9% работат во приватни облици на капитал со намалување за 13,4 структурни проценти во однос на 2017 година, а на сметка на зголемување на вработените во други облици на капитал за 13,4 структурни проценти.





## Табела 10: Број на пополнети и слободни работни места

| | 2 квартал 2014 | | | 2 квартал 2015 | | | 2 квартал 2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места (%) | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места (%) | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места (%) |
| **ВКУПНО во РСМ** | 430.947 | 6.016 | 1,38 | 452.291 | 6.747 | 1,47 | 477.520 | 6.687 | 1,38 |
| **Рударство и вадење на камен** | 3.840 | 18 | 0,46 | 3.951 | 107 | 2,64 | 4.257 | 24 | 0,57 |

| | 2 квартал 2017 | | | 2 квартал 2018 | | | 2 квартал 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места (%) | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места (%) | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места (%) |
| **ВКУПНО во РСМ** | 486.255 | 7.580 | 1,53 | 492.000 | 7.199 | 1,44 | 508.924 | 7.430 | 1,44 |
| **Рударство и вадење на камен** | 4.000 | 20 | 0,5 | 4.446 | 84 | 1,85 | 3.985 | 91 | 2,24 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

## Табела 10.1 Раст/пад 2 квартал 2019 / 2 квартал 2014 година, во %

| | Број на пополнети работни места | Број на слободни работни места | Стапка на слободни работни места во п.п. |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | 18,09 | 23,50 | 0,06 |
| **Рударство и вадење на камен** | 3,78 | 405,56 | 1,78 |

*Извор: ДЗС на РСМ*





Заклучно со последниот податок за бројот на слободните и пополнетите работни места на ниво на држава за вториот квартал од 2019 година, истиот укажува дека во секторот Рударство и вадење на камен се вработени 3.985 лица, а отворени се 91 слободно работно место. Во поглед на стапката на работни места, истата е повисока во секторот отколку на ниво на држава која учествува со 2,24% на слободните наспроти пополнетите работни места отколку на ниво на цела индустрија со отворени 7.430 работни места кои учествуваат со стапка од 1,44% наспроти пополнетите 508.924 места.

Компарирано за вториот квартал од 2019 година наспроти истиот од 2014 година бројот на слободни работни места кај Рударството и вадењето на камен е зголемен за 405%.(Табела 10.1).Сепак станува збор за релативна бројка, која апсолутно искажува дека во вториот квартал од 2014 година на ниво на сектор биле отворени 18 работни места , а во истиот квартал од 2019 година нивниот број е 91 слободно работно место.

**Табела 11. Просечно исплатена нето-плата по вработен, за Август по години**

| | Август 2014 | Август 2015 | Август 2016 | Август 2017 | Август 2018 | Август 2019 | Пораст/ пад, Август 2019/ Август 2014, во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно просечна исплатена месечна нето-плата на ниво на РСМ, во денари | 21.217 | 21.882 | 22.294 | 22.912 | 24.210 | 25.127 | 18,43 |
| Рударство и вадење на камен | 24.478 | 26.381 | 26.955 | 35.782 | 35.191 | 33.949 | 38,69 |

*Извор: ДЗС на РСМ*

Според последните официјални податоци просечната исплатена нето плата во Август 2019 година изнесува 25.127 денари на ниво на држава додека пак, во секторот Рударство и вадење на камен просечната плата во Август 2019 година изнесувала 33.949 денари и истата е поголема за 35% од просечната нето плата на ниво на држава за истиот период.

Компарирајќи ја просечната нето плата исплатена во Август 2019 наспроти истата исплатена во Август 2014 година (Табела 11), може да се види дека просечната нето плата на ниво на држава е зголемена за 18,43% додека пак во секторот Рударство и вадење на камен нето платата за компарираниот период е зголемена за 38,7%.

## ИЗДАДЕНИ КОНЦЕСИИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Согласно последниот податок од Регистарот на Министерството за Економија на РСМ од 09-08-2019 година, издадени се 358 концесии за експлоатација на минерални суровини на територијата на РСМ. (http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/Registar%20na%20Dogovori%20za%20koncesii%20za%20eksploatacija%20na%20mineralni%20surovini%2009%2008%202019.pdf)